**20100090185**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 30.12.2009 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи („Службен весник на Република Македонија“ број 164/2008, 5/2009, 8/2009, 18/2009 и 158/2009), во членот 2, делот од табелата што се однесува на ДСГ кодот АО6Z Трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа (со цена 215.038 денари), се заменува со следната табела:

| шифра на ДСГ | Вид на ДСГ услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| А06А | Трахеостомија со вентилација поголема од 95 часа | 305.000 |
| А06В | Трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа | 35.120 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 - 24504/6
30 декември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Беким Сали**, с.р.